**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2024 година
СКОПЈЕ

**З А П И С Н И К**

**од 478-та итна седница на Судскиот совет на**

**Република Северна Македонија**

**Скопје,февруари, 2024 година**

Седницата се одржа на ден 13.02.2024 година – вторник во салата за седници со почеток од 15,00 часот.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател Член на Советот
- **Сашко Георгиев**, Член на Советот, онлајн (здравствени пир)
- **Антоанета Димовска,** Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Отсутни членови:

- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд – (одделот за граѓански дела при ВСРСМ)
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот (оправдани причини - службени)

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **м-р Сања Спиридонова**, Помлад соработник
- **Александра Шоптрајанова,** Помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник **од Институт за човекови права**
- Поширока јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог дневен ред за 478-та седница:

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на судии на Апелационен суд Штип и
2.Разно.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека денешната итна седница е свикана поради тоа што пред објавување на отпочнување на изборите предвидено во текот на утрешниот ден, постои дилема за која Советот дополнително ќе одлучува во смисла на тоа дали ќе се продолжи со избори и постапки кои се веќе започнати. По изложениот дневен ред отвори расправа, па откако констатира дека никој присутните членови не се јави за збор, истиот го стави на гласање, по што констатира дека со 10 гласа ,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ дневниот ред е едногласно усвоен и се премина кон разгледување на 1-та точка од Дневниот ред.

**Точка 1**

**Избор на судии на Апелационен суд Штип**

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** истакна дека согласно законската надлежност на Судскиот совет за избор на судии предвидена во Законот за Судскиот совет на РСМ, согласно одредбите од Законот за судовите, како и во согласност со одредбите од подзаконските акти во врска со начинот на спроведување на постапката за избор на судии на Апелационен суд Штип – еден судија за граѓанска и еден судија за кривична област, Советот формирал Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд која изготвила ранг листи за пријавените кандидати за избор на судии. Со оглед на тоа што претседател на Комисијата е членот на Советот Лорета Горгиева и даде збор како известител.

**Членот на Советот, Лорета Горгиева** истакна дека согласно спроведената постапка по огласот објавен во Сл.весник бр. 86/23 од 24.04.2023 година, оглас бр.09-858/2 од 19.04.2023 година, во текот на вчерашниот ден бил извршен избор по кандидатска листа за

избор на судии во повисок суд, поконкретно во Апелациониот суд Гостивар. Дополни да со оглед на тоа што во текот на вчерашниот ден утврдиле ранг листи по однос на избор на судии за Апелациониот суд Штип, а еден од кандидатите имал доставено жалба во делот на утврдените бодови, по утврдување на конечната ранг листа денеска Советот може да пристапи кон гласање по две кандидатски листи за избор на судија во Апелационен суд Штип, имено еден од граѓанска област и еден за кривична област односно двајца судии. Во продолжение пристапи кон излагање по едната ранг листа на кандидати – за кривична област, врз основа на целокупната спроведена постапка, а имајќи ги предвид и одлучувањата на Советот во врска со жалбите на дел од кандидатите и утврдените бодови по жалбената постапка, Комисијата ја утврдила следната ранг листа:

- Цона Каламерникова, судија на Основен суд Струмица – 64,7 бодови, Горѓи Андонов, судија на Основен суд Штип - 63,7 бодови, Сузана Милевска, судија и претседател на Основен суд Кочани - 62,9 бодови, Јулијана Недкова , судија на Основен суд Штип - 59,8 бодови, Невена Перица, судија на Основен суд Штип - 56,3 бодови.

Во продолжение ја изложи и ранг листата за избор на судија во Апелационен суд Штип за граѓанска област:

- Тодор Поп Панев, судија на Основен суд Штип – 68,87 бодови, Сузана Милевска , судија и претседател на Основен суд Кочани - 62,4 бодови, Александар Цацков судија Основен суд Штип - 53,37 бодови.

**Претседателот на Советот Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави **членот на Советот, Мирсад Суроји** кој како координатор на тој суд истакна дека пред да се пристапи кон гласање ќе земе за право да објасни дека иако веќе како Комисија имале забелешки по однос на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за повисок суд, кои забелешки и измени појасни дека се надева ќе следуваат во наредниот период со што ваквиот правилник ќе мора да претрпи измени. Како координатор на ОС Штип истакнува дека по однос на сите судии има позитивно мислење од овој суд, имајќи предвид дека долго ја следи работата

на овој суд, па во таа смила појасни дека неговите забелешки биле од почеток и ќе останат со оглед дека за одредени кандидати има доволно аргументи дека имаат предност пред другите во ранг листата. Потенцира дека ова го кажува од причина што повеќе години е координатор на овој суд и посебно денеска му дава задоволство кога ги познава кандидатите односно нивната посветеност, улога и професионален ангажман како судии, сепак да направи разлика иако се работи за децимали, сепак смета дека има повеќе предности одреден кандидат од останатите.

По однос на кандидатот и судија Ѓорѓи Андонов наведе дека е долгогодишен судија избран од втората генерација на АСЈО кој успешно ја завршил обуката, работи на кривична област, а воедно бил и претседател на овој суд кој совесно и успешно ја вршел таа должност, додека му траел мандатот истиот и судел  во таа материја со цел да даде свој придонес за ажурноста на судот, кој факт наведе дека секогаш бил ценет од страна на работни групи при посетите во тој суд.Понатаму дополни дека истиот иако е рангиран како втор сепак неможноста да се докаже со 15 бода познавањето  на англиски јазик, не му дава право да не гласа за него бидејќи има многу аргументи од кои произлегува и се утврдува неговата предност по однос на останатите кандидати. Видно и од поднесената жалба од негова страна разгледана на седница на Советот според него сосема јасно се работи за кандидат и судија кој го владее на одличен начин англискиот јазик, бидејќи има факти кои ги потврдуваат неговите афинитети односно способности и активно учество во судиската фела, неговата улога како судија е позната во таа фела па смета дека токму на овие околности укажува и неговата книга за далечинско судење во централна и источна Европа на ЦЕЕЛИ Институтот во Прага како ко-автор на книга, за нешто што потврдува и самата институција.Во продолжение се осврна и на активната улога на судијата-кандидат со учество на повеќе конференции на македонско – американска Алумни Асоцијација како панелист на аглиски јазик, панелист на повеќе теми организирани од Абасадата на САД, како и аргументот дека истиот е член на меѓународната мрежана правосудни реформатори, член на Алумни на Опен Ворлд програмата на Стејт департментот на САД, истиот во три наврати бил како судија на

службено патување односно студиска посета на САД, изготвил повеќе предлози и извештаи на меѓународното здружение на судии во името на Здружението на судии на РСМ, каде и членува, дополни дека исто така е и член на завршен испит на АСЈО, на ИКТ Советот при Министерството за правда, земал учество во повеќе работни групи при измени на Законот за судови, за Судски совет како и Законот за кривична постапка, како и повеќе онлине конференции од различни теми од областа на правосуството. На крај истакна дека како колега е горд на неговиот кредибилитет и интегритет да напредува во повисок суд и е пример како може да се обавува една ваква функција на активен и професионален начин. Дополни дека верува дека истиот е човек со високи морални вредности, совесен за неговата функција, логичен, одличен менаџер, а како судија несомнено ќе даде свој придонес и во Апелационен суд Штип, неговата спремност во струката и колегиалност наведе дека смета дека уште повеќе ќе ја зацврсти улогата во тој суд за ефикасно и навремено функционирање. Согласен е дека сите судии се успешни професионалци, но според него му дава право да гласа за овој кандидат – вториот токму горенаведените аргументи кои ги изнел.

За збор се јави **членот на Советот, Лорета Горгиева** која се надоврза на претходното и во делот на тоа се што изнел колегата за судијата Андонов го дели мислењето и нема дилеми, но има замерка на начинот на презентирање на изјавата бидејќи колегата Суроји е и член на Комисијата која ја спровела постапката за рангирање на кандидатите. Според неа, изјавата на колегата првично оставило неубава слика да со оглед на фактот дека ги познава и е долгогодишен координарот на судиите од Основен суд Штип им дава предимство пред останатите кандидати кој како и самиот што кажал не ги познава и не ги знае нивните квалитети. Дополни дека ги имале на увид сите документи, оценување согласно правилникот, присуство на расправи, ценење на одлуки и слично, па дали тоа би значело дека кандидатите Ц.Каламерникова и С.Милевска кои не доаѓаат од Основен суд Штип каде тој е координатор, а се со високи бодови, особено што Ц.Каламерникова е прворангиран кандидат, а кај С.Милевска се направени корекции по однос на жалби од другите кон неа со намалување на бодови се

става под прашање и се осуетува нивната квалификации и стручност. Дополни дека таа лично по однос на сите кандидати без исклучок има позитивно мислење и таа самата како судијата која доаѓа од Апелационо подрачје Штип и ниту еден не би изоставила од оваа листа, смета дека сите ќе дадат допринос овој суд да функционира, со оглед на пензионирањара судот е сотавен да се снаоѓа со многу мал број на судии. Смета дека пред гласање не треба да се прејудицира и да се влијае со изјавата и истото не е доблесно. Дополни дека секој од нив како членови ќе даде свое мислење преку гласањето и потоа со произнесување за избраниот кандидат. Точно е дека одредени кандидати се помалку ангажирани од другите во делот на активности во здружение на судии, АСЈО, ИКТ советот и слично, но нивните професионални квалитети не можат да не бидат земени во предвид, или да бидат помалку вреднувани.Точно е дека се работи за децимали, но од друга страна ако се гледаат работите судиите Ц.Каламерникова и С.Милевска се највозрасни со најголемо искуство и стаж, видно од пријавите, предмалку скенирани по барање на колешката Црвенковска. Секој има право да изгради свој став и мислење, да не се прејудицира и смета дека секооj треба да го даде гласот за оној кој смета дека ги задоволува неговите критериуми за избор во повисок суд. дополни дека треба да се внимава кога се преферира некој кандидат тоа да не биде на штета и да не се повреди достоинството на другите кандидати.

Со реплика се јави **членот на Советот, Мирсад Суроји** се надоврза и појасни дека во ниту еден момент не сака да биде погрешно сфатен, туку тој како координатор на овој суд, со оглед дека ја следи работата на судиите негова должност и одговорност е да укаже на некои работи кои останатите членови не ја знаат. Не прејудицира, туку единствено најавил за кого ќе гласа. Доколку пак некој од останатите членови поседува дополнителни информации, односно знае за афининитети за одреден кандидат смета дека треба да се каже. Според него е чесно и одговорно да работите кои ги знае како координатор да ги сподели со останатите, во смисла на предности и поволности и истото денеска да се земе за пример за понатаму. Секој координатор кој ја следи работата на одреден суд

да ги изнесе таквите аргументи и тие изкажувања да се земат како веродостојни.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Ивица Николовски** во своето излагање истакна дека е добро што Советот се охрабрил и успешно ја спровел постапката за денеска да се одлучува по конкретната точка од Дневниот ред, иако со денешниот избор не се решава целосната потреба од судии за овој суд, но и понатака ќе се изнаоѓаат решенија. По однос на кандидатската листа за кривичниот оддел дополни дека го радува што има навистина добри судии односно кандидати и од спроведената постапка врз основа на мерливите критериуми има понудено квалитетен избор. Потполно појасни дека се согласува со колегата Мирсад кој како координатор во редовните свои активности забележал одреден и потврден квалитет кој има обврска да го истакне. Потенцира дека колегата андонов иако според него сите се квалитетни, се работи за квалитетен, искусен судија и судија со интегритет и квалитет со досегашното постапување, познат и пошироко од границите на државата како активен учесник во многу проекти во судството. Појасни дека тоа ќе бидат и причините поради кои би го дал гласот за него, иако сите се разликуваат за многу малк, но овој апликант отскокнува со горенаведеното за разлика од останатите.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** појасни дека се согласува со дискусиите на сите колеги, како и на претседателот на Комисијата дека станува збор за исклучително добри судии, гледајќи ја ранг листата кои се докажале. Наведе дека дел од нив не и се познати, со дел од нив имала можност лично да се запознае и да ја следи нивната работа. Изрази дека и е криво што огласот е за избор на по 1 судија во двете области – материи, посебно бидејќи се знае состојбата со судиите во судот, но дека не се виновни бидејќи огласот е од пред 1 година, а во периодот кој следел имало дополнителни огласи со цел да се исправи состојбата, но до денес успеале да ја окончаат постапката по другите огласи, со оглед на изборите кои следат. Искажа дека се надева дека онаму каде е нужно потребно да се санира состојбите каде има недостаток на судии ќе продолжат да работат. Потенцира кога ги гледа поените доделени од Комисијата

и Советот кој одлучувал по жалби од одредени кандидати, видно е дека помеѓу прво и второрангираниот разликата е 1 поен, што е последица на  гледајќи ги обрасците за бодирање е во делот на работа во специјализиран судски оддел. Истакна дека ако ги гледа поените не би можела да каже кој е подобар, но се согласува со наводите на координаторот на ОС Штип во однос на ангажманот на второрангираниот кандидат. Не само од тоа тој што го изнел, туку и лично таа имала прилика да се среќава во работни групи со него, за почит е неговиот ангажман надвор од работењето во судница, како и неговото ангажирање и работење како судија и за периодот додека бил и претседател. Смета дека заслужува да се определи за него видно од погореизнесеното.

За збор се јави **членот на Советот, Сашко Георгиев** во своето излагање наведе дека ги познава прво и второрангираниот колега. Кога станува збор за прворангираната, истакна дека се работи за добар судија и нема дилема, но по однос на второрангираниот наведе дека освен она што досега во излагањата го навеле колегите, тој се јавува како ко-автор на книга на англиски јазик која била презентирана во меѓународни институции. Судијата одлично го познава англискиот јазик и иститот барал од Советот тоа да го докаже, нешто што не биле во можност да му го овозможат,а истиот така би добил многу повеќе бодови. Видно од се погоре изнесено, како и неговите досегашни ангажмани заслужува да напредува во повисок суд.

За збор се јави **членот на Советот, Лорета Горгиева** дополни дека како претседател на Комисијата наоѓа за потребно да каже зошто сега се створиле услови да вршат избор на судии по овој оглас. Имено, за претходниот избор кој Советот го извршил за кандидати за АС Скопје имало вонредно оценување и од тие причини и таму се пролонгирала постапката. За конкретниот пак оглас во тек била постапка за редовно оценување, првичните оценки поминале на седница во октомври, во меѓувреме, а поради поднесени приговори, конечност на оценките била пред месец дена непосредно пред оваа седница. Од тие причини биле принудени да ги сочекаат финалните оценки како верификувани, за да може да ги прифатат како Комисија и да вметнат во рамки на одлучувањето по

ранг листата, за кое време а со цел да се екипира судот во најскоро време и по однос на наредниот оглас кој е во завршна фаза ги преземале сите можни дејствија за да се финализира постапката.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** наведе дека Судскиот совет е ажурен покажува дека сите заедно се избориле пред распишување на изборите да донесат одлука, дека ќе бидат избрани двајца судии. Претседателот на Комисијата објаснил зошто постапката траела долго, но важен е готовиот производ. Не сака да се сфати како било какво влијание, но кај неа постоело дилема кој од овие кандидати да биде избран, бидејќи добиените поени кажуваат за квалитетни судии што се потврдува и од нивното искуство. Нема доказ дека за било кој од кандидатите има во тек претставки или е со нарушен интегритет, па сите 5 кандидати ги исполнуваат сите услови. Нема да оди по ред и да се одлучи за првиот судија, иако сите се подеднакво добри. Аргументите во смисла на компарација, зошто нејзиниот глас го дава за вториот, а не за првиот е во насока дека и покрај тоа што вториот кандидат немал формално доставено сертификат за познавање на англиски јазик, истиот на највисоко ниво изготвувал стручен труд од меѓународно ниво. Познавањето на англиски јазик е параметар кој се бодува, доколку доставел доказ ќе отскокнувал многу со бодовите. Не прејудицира, но пресудно и било кој дал придонес за судството е кој дополнително се усовршувал. Имено, за судијата Андонов и е познат придонесот видно од неговата досегашна ангажираност со своите предложи кои ги истакнувал на конференции, работилници, тркалезни маси стекнала впечаток дека судијата има цврсто изградени ставови по однос на подобрување на одредени состојби во судството, како и придонесот во Здружението на судии, каде и таа била присутна на одредени состаноци. Дополни и дека има и други сегменти, но не сака да се протолкува дека влијае, но истиот има дадено свој придонес и со свои мислења по однос на одредени законски измени. Во ситуација кога Апелационен суд Штип се соочува со недостаток на судии особено значајни се менаџерските способности.

За збор се јави **членот на Советот, Антоанета Димовска** појасни дека не ги познава лично судиите – кандидати, во смисла на

прво и второрангираните. Координатор е на ОС Струмица, но бидејќи е релативно нов член немача прилика да изврши посета во судот. Прворангираниот кандидат има поголемо работно искуство, за 4 години од второрангираниот кандидат во кривичната материја. Треба да се води сметка за тоа, но она што го црпела од жалбата вложена од второрангираниот кој се ангажман го имал надвор од судот не е ист. Резултатите по работата се исти, но останатите ангажмани не се исти и во таа смисла ќе даде предност на Андонов. Дал свој придонес и како претседател и судел, па истото треба да се вреднува. Апсолутно се заслужени бодовите и во однос на прворангираниот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** во своето излагање објасни дека не се согласува дека ако кандидатот судија Андонов имал анлиски сертификат ќе се вреднува со повеќе бодови, од причина што кандидатот Каламерникова има документ има посетувано во странки држави семинари на англиски јазик. Разликата е во тоа што судијата Цона е со 18 години судиски стаж и тоа и ја дава предноста, оценета е со највисока оцена. Дополни дека е жално што тогаш огласот не бил објавен за шест судии. Прворангираниот кандидат работел како ментор, па кој и да се избере нема да се направи грешка. Согласно конечната ранг листа предноста ја има Каламерникова иако сите кандидати се добри.

За збор се јави **членот на Советот, Павлина Црвенковска** која наведе дека се согласува со дискусиите на одредени колеги и изразува жалење што овој конкурс не бил распишан за повеќе судии. По однос на изборот во кривична материја јасно прозилегува дека дилемата е меѓу прво и второрангираниот кандидат, иако сите кандидати се добри, некој повеќе, а некој помалку се посветил на други активности. Како и останатите колеги изразува жалење што овој конкурс не бил распишан за избор на повеќе судии и во моментов се ставени во една незавидна положба. Појасни дела гласот ќе го даде за кандидатот Андонов, иако не ги познава лично кандидатите, од причина што видно од жалбата која ја приложил која содржи повеќе податоци по однос на неговите ангажмани, објавени научни трудови, Прирачник за далечинско судење во централна и југоисточна Европа, член на Здружение на судии во

повеќе комисии, член на Управен одбор на Здружението на судии давал предлози и мислења за состојбите во судството, член на Судско медиумски совет во 2 мандата и учествувал во изработка на сите издавачки документи, член на работна група на Европско здружение на судии каде со своја анализа учествувал во изготвување на Извештај за состојбата со владеење на правото за 2022 година, за потребите на Институтот за човекови права изготвил заедничка заложба за подобри постигнувања во судството 2019 година, работел како ментор на АСЈО каде изработил голем број на материјали, предавач на Правен факултет, изработил како предавач на тема Туторство на нови судии и компаративна пракса и искуства за потребите на Центарот за правни истражувања и анализи и многу други податоци видно од жалбата. Сето ова кај неа појасни дека натежува да гласа за избор на судија за Апелационен суд Штип.

За збор се јави **членот на Советот, Лорета Горгиева** која наведе дека после сите дискусии беспредметно е, таа ќе гласа по ранг листата по однос на двете листи. Дополни дека посакувала Горѓи Андонов да бил на последно место, за да сите други колеги од ранг листата да добиеле можност да се осврнат и за нив исто така да се кажат одредени сегменти. Цона Каламерникова истакна дека е добро што била прва на ранг листата па го добила вниманието од колегите во делот на компарација со второрангираниот кандидат, но го постави прашањето што со останатите колеги подолу во листата Сузана Милевска, Недкова и Перица кои се исклучителни судии, докажани, потврдени професионалци за секоја чест и почит . Посакува да имаат шанса по нареден оглас сите да бидат избрани. Дополни дека не го спори она што било изнесено по однос на колегата Андонов, бидејќи познато е дека ги подржувала помладите судии и нивните заложби за ангажирање надвор од судот, но смета дека не треба да бидат неправедни и да не ги споменат останатите од ранг листата кои само со 1,2 или 3 бода заостануваат во техничка и математичка пресметка зад првите кандидати. Уште еднаш ги поздрави останатите колеги кои денеска нема да бидат избрани и се надева дека можноста за избор ќе ја имаат со нареден оглас за кој Советот

треба што поскоро да размислува, посебно во делот на тоа дека Апелациониот суд Штип има потреба од судии.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** истакна дека никој повеќе од присутните членови со право на глас не се јави за збор, по што го стави на гласање предлогот за избор на судија на Апелационен суд Штип за кривична област.Прва на ранг листата на кандидати е судијата Цона Каламерникова.

Се констатира дека со 3 гласа ,,ЗА" и 7 гласа ,,ПРОТИВ" судијата Цона Каламерникова не е избрана за судија на Апелационен суд Штип.

Во продолжение се пристапи кон гласање по однос на второрангираниот кандидат Ѓорѓи Андонов.

Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА" - едногласно" е донесена

**О Д Л У К А**

За судија на Апелационен суд Штип за кривична област е избран судијата Ѓорѓи Андонов, судија во Основен суд Штип

**Претседателот на Советот Весна Дамева** согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судски совет на РСМ им даде збор на членовите на Советот по однос на образложение на својата одлука за избор на судија.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** додаде дека му честита на избраниот колега и му посака успех во работата, а сите останати кандидати неспорно заслужуваат да бидат избрани.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** и изрази честитки и додаде дека не се сомнева дека ќе ја оправда довербата.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски и** изрази честитки за избраниот колега.

За збор се јави **членот на Советот, Мирсад Суроји** изрази честитки за изборот, му посека успешна работа, со надеж дека ќе работи професионално и чесно. Појасни дека и останатите колеги кои биле на ранг листата сите биле добри и успешни професионални, па се надева дека наскоро ќе биде отворен оглас и истите ќе бидат избрани.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Селим Адеми** изрази честитки по однос на изборот, иако сите кандидати биле добри. Гласал и за првиот кандидат и за второрангираниот кандидат.

За збор се јави **членот на Советот, Павлина Црвенковска** наведе дека со оглед на тоа дека претходно подолго образложила истакна честитки на новоизбраниот судија.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** изрази честитки на новоизбраниот судија. Додаде дека станува збор за инзвонредни судии, сите кои се на ранг листата. Има замерка по однос на наводите на колешката Лорета,па додаде дека и тие гласааат по ранг листата, но дала свое видување и став зошто гласа за второ, а не за прворангираниот и дополни дека за останатите не кажала ништо бидејќи истите се после тие двајца кандидати. Иако конкретно имала средба со треторангираниот кандидат, ја читала нејзината кратка биографија, следела судења. По однос на тоа што превагнало да го даде нејзиниот глас на второрангираниот е токму ангажманот на колегата надвор од работење во судница, а истото притоа немало негативно влијание врз неговата работа. Неговиот допринос во насока на владеење на правото, транспарентност, отчетност во судството и дало право да се одлучи да гласа за него.

За збор се јави **членот на Советот и заменик претседател Ханиф Зендели** и изрази честитки, иако гласал и за прворангираниот, се надева дека ќе ја оправда дадената доверба. Смета дека можеби сите судии ги исполнуваат условите за да бидат судии од судовите каде доаѓаат, но треба да се преиспита начинот.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** се надева дека Советот со денешниот начин на одлулување и постапување докажал дека добро ги образложува одлуките бидејќи скоро сите

членови дале свои образложени причини за поткрепа на своите ставови. Се надева дека новоизбраниот судија, придонесот кој досега го давал ќе продолжи со уште поголем интензитет да го вложи како апелационен судија. Се надева дека овој суд добива уште еден судија кој со својата стручност и професионалност ќе придоенсе за обезбедување на побрза правда и правичност бидејќи тоа го заслужуваат граѓаните.

За збор се јави **членот на Советот, Сашко Георгиев** кој истакна дека му честита за изборот, па во продолжение истакна дека станува збор за судија со исклучително добри резултати, а пресудно било познавањето нас странски јазик, односно неговата ангажираност во неколку меѓународни проекти и посветеноста во правосудниот дел. Потенцира дека познавајќи ги поголемиот дел од апликантите истите се исклучително добри судии и се надева дека во иднина при наредни огласи ќе добијат шанса да бидат избрани.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** во продолжение наведе дека следно е избор на судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област. Бидејќи веќе беше елаборирано отвори расправа.

За збор се јави **членот на Советот, Лорета Горгиева** и додаде дека не практикува, но со оглед на начинот на презентирање по однос на претходните кандидати истакна дека смета по однос на сите тројца кандидати од оваа листа треба да се произнесе. Имено, првиот и вторниот кандидат од ранг листата Тодор Поп Панев и Сузана Милевска лично ги познава како судии од ова подрачје, прворангираниот бил и два мандата претседател во судот во Св.Николе, а судијата Милевска е во моментов претседател на Основен суд Кочани. Наведе дека се беспрекорни, како професионалци, судии, претседатели. Сузана Милевска аплицирала и за двете области и кривичната и граѓанската и подеднакво добро ги владее двете области и ретко се наоѓа ваков профил на судија. По однос на судијата Цацков истакна дека е од помладата генерација на судии и лично немала прилика да оствари средба со него, но присуствувала на судење во два наврати, беспрекорно постапувал и само позитивен впечаток и оставил. Оттука, за сите тројца кандидати без оглед кој ќе биде изберен, чест

и задоволство на Апелациониот суд Штип ќе биде да добие таков судија.

За збор се јави **членот на Советот, Мирсад Суроји** кој и во овој случај како координатор појасни дека во потполност се согласува со наводите на колешката бидејќи навистина се работи за одлични судии и докажани професионалци, кои успешно ја извршуваат судиската функција.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** и дополни дека во овој случај е особено тешко да се издвои некој, но колегата Тодор Поп Панев видно од биографиите и ранг листата има 68,80 бодови, судијата Милевска 62,4 бода и судијата Цацков 53,37 бода. Појасни дека некој можеби ќе каже дека станува збор за голема разлика во бодови, но таа не смета така. Особено од причина што колешката Милевска работи две материи и кривична и граѓанска и нормално е дека не може да добие максимум - повеќе бодови бидејќи во еден период работела една материја, а во друг период друга, во помалите судови така се функционира. Додаде дека колегата Тодор Поп Панев е во онаа категорија на колегата Андонов кој покрај она што е основна судиска работа, зема повеќе активности, видно од неговата жалба. Истата содржи голем број на активности, сертификати и обуки меѓу кои и податоци дека имал научен коментар на Законот за судовите, Законот за Судски совет на РСМ и Закон за АСЈО, донесено мислење од советодавното тело за етика на судиите и судиите поротници од 2020 година, доставувал договори за изведување практична настава и менторирање, сертификат за учество и придонес за обука за обучувачи за слобода на изразување, сертификат за учество и регионална конференција, сертификат за успешно завршена обука за граѓанска заштита на правата од интелектуална сопственост. Сето ова според неа го издвојува од останатите кандидати и во конкретниот случај ќе гласа идентично како и за претходниот колега.

За збор се јави **членот на Советот, Лорета Горгиева** и дополни дека колешката Сузана Милевска аплицирала за двете области и точно е изнесеното од членот Димовска дека јасно е дека во помалите судови праксата е судиите да работат во двете

области. Имено, Основниот суд Кочани е суд со проширена надлежност. Еден од трите суда со  проширена надлежност вклучувајќи ги и Основниот суд Струмица и Основниот суд Штип. Потенцира дека судијата Сузана Милевска е кривичар, но во периодот од 2014-2019 постапувала заедно со судијата Сузана Спасовска биле делегирани во судовите Делчево и Берово, каде постапувала пет години на граѓанска материја. Во судот каде била делегирана не само што и покрај тоа што е кривичар, постапувала исклучиво во граѓанска материја, туку дала голем допринос и по однос на старите нерешени предмети и навистина се ажурирале сите предмети и судовите достигна завидно ниво, заедно со тековните предмети во работа. Потенцира дека истото е значајно да се истакне. Воедно дека била претседател 4 години, па освен што менаџирала со судот, овој суд отстапил судии за делегирање во помалите судови. Додаде дека е голема умешноста да се управува со суд со проширена надлежност и многу мал број на судии.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** наведе дека сите тројца кандидати од ранг листата заслужуваат да бидат избрани бидејќи станува збор за квалитетни судии. Имала прилика да ги запознае во судница додека воделе постапка и за сите може да каже само пофални зборови, комуницирање со учесници во постапката, водење на постапката, видно и одлуките кои ги донеле, а ти како Комисија ги гледале. Во ситуацијава можеби станува збор за математичка пресметка, но имајќи го предвид бодирањето на првиот кандидат нејзиниот глас би го дала за колегата Тодор Поп Панев.

За збор се јави **членот на Советот, Сашко Георгиев** кој појасни дека станува збор за докажани и добри судии, со квалитети во работењето и истакнат интегритет во средината во која работат. Со оглед дека има и други огласи во тек смета дека и другите двајца кандидати кои нема да бидат избрани на денешната седница,  ќе успеаат на некоја од наредните седници. Ќе гласа за прворангираниот со оглед на бодувањето.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** наведе дека сите тројца кандидати се добри и нема аргументи зошто вториот или

третиот би бил подобар од првиот кандидат, за разлика од претходниот случај. Според доказите, добиените бодови, како и фактот дека нема сознанија за нарушен интегритет за било кој од судиите од ранг листата, гласот ќе го даде за прворангираниот бидејќи не може да се одлучи за било кој од наредните двајца кандидати.

Во продолжение претседателот на Советот откако констатира дека никој повеќе од присутните членови со право на глас не се јави за збор, го стави на гласање предлогот за избор на судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област. Прв на ранг листата на кандидати е судијата Тодор Поп Панев.

Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА" и ниту еден ,,ПРОТИВ" е донесена следната

**О Д Л У К А**

За судија на Апелационен суд Штип за граѓанска област е избран судијата Тодор Поп Панев, судија во Основен суд Штип

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** согласно чл.49 ст.3 од Законот за Судски совет на РСМ им даде збор на членовите на Советот по однос на образложение на својата одлука за избор на судија.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** додаде дека му честита на избраниот колега и му посака успех во работата.

За збор се јави **членот на Советот, Лорета Горгиева** изрази честитки и додаде дека не се сомнева дека ќе одговори успешно на работата.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Ивица Николовски** изрази честитки за избраниот колега. Дополни дека е негово лично задоволство што секој на свој начин и со свои зборови ја почитуваат ранг листата. Од дискусиите се работи за квалитетни апликанти и судии и во услови кога не постои ниту еден негативен

аргумент за кандидат, ниту има такво сознание и имајќи предвид дека избраниот судија е прв на ранг листата со најголем број на бодови останува обврска да се вреднува и почитува вложениот труд на кандидатите.

За збор се јави **членот на Советот, Мирсад Сурољи** изрази честитки за изборот. Чест и задоволство е да се гласа и да бидат избрани вакви судии, на останатите судии од ранг листата им посака среќа и се надева дека при следен избор ќе бидат избрани.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Селим Адеми** изрази честитки по однос на изборот, имал можност да ја следи работата на кандидатот, почнувајќи од усно изразување и писмениот дел, видно од апликацијата односно биографијата, немало причина зошто да не гласа за овој кандидат.

За збор се јави **членот на Советот, Павлина Црвенковска** истакна честитки на новоизбраниот судија. По однос на прворангираниот кандидат кој е избран, гласот го дала врз основа на бодувањето извршено врз основа на квантитативните и квалитативните критериуми, воедно внимателно ја прочитала и неговата биографија. Два пати истиот бил претседател на Основниот суд Св. Николе, земал учество во Здружението на судии, судско медиумискиот Совет и мисли дека ќе ја оправда довербата која денеска Советот му ја дал.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** изрази честитки по однос на изборот, искрено верува дека ќе има успешна работа и како судија во Апелавиониот суд Штип, а останатите апликанти се надева дека што побрзо ќе го добијат заслуженото, особено земајќи ја предвид состојбата во овој суд и состојбата со судии во граѓанската област.

За збор се јави **членот на Советот и заменик претседател, Ханиф Зендели** кој честита за изборот на судијата Поп Панев. Дополни дека се надева дека ќе продолжи да помага и ќе даде придонес во Апелациониот суд Штип и дека ќе ја оправда довербата.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** по однос на изборот дополни дека причините ги истакнала во текот на расправата и истакна дека со изборот на двајца судии, еден за кривична и еден за граѓанска област и со нивната стручност, професионалност и ажурност ќе дадат мал допринос во придонес на подобрување на состојбата на овој суд. Недостатокот на судии во овој суд ќе се надмине во периодот кој следи.

За збор се јави **членот на Советот, Сашко Георгиев** кој исто така изрази честитки за изборот, бидејќи станува збор за исклучително добар и докажан судија, со истакнати квалитети во стручноста и во делот на своите придонеси кон развој на правото, меѓународното и домашното право.

**Претседателот на Советот, Весна Дамева** истакна дека е исцрпена дискусијата по однос на првата точка од Дневниот ред и се премина кон точка Разно.

**Точка Разно**

**Претседателот на Советот Весна Дамева** истакна дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред и со оглед на тоа што никој повеќе не се јави за дискусија констатира дека седницата заврши во 16.20 часот.

Напомена: тонскиот запис и листингот со резултати од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Весна Дамева**

Изработил: м-р Сања Спиридонова

Одобрил: Весна Толева